ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА
Religija.mk
KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Религијата и заштитата на животната средина

Владимир Божиновски
Марјан Николовски



АПРИЛ 2021

www.kas.de

# Религијата и заштитата на животната средина

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум


**Наслов**:
Религијата и заштитата на животната средина

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Аворските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien



**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина


Вовед 5

Анализа и заклучни согледувања 7

Демографски карактеристики 15

Табеларен приказ на резултатите 22

# Вовед

Водејќи се од потребата за што пошироки информации за перцепцијата на граѓаните поврзани со религијата, религиозноста, верската припадност и односите на државата со верските институции Интернет Порталот „Религија.мк“, и Институтот за политички истражувања Скопје (ИПИС), заедно со Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) и во 2021 година го продолжуваат проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество, кој има за цел да оформи една базична слика за јавноста и јавното мислење пред се околу меѓуверската толеранција и соживот.

Како што растеше проектот, кој почна во 2016 година, така растеше и интересот и потребата за анализи кои ќе ја истражуваат перцепцијата за односот помеѓу религијата и општеството, односно меѓусебното влијание на религиозните и општествените вредности набљудувани од повеќе  аспекти во повеќе сегменти на општеството, кои на еден, или на друг начин допираат, или се испреплетени на релација религија - верски институции - верници -општество - држава.

Во изминатите истражувања фокусот беше насочен на перцепцијата на граѓаните за улогата на религијата и верските институции во неколку сфери од општеството. Почнувајќи од градењето на меѓуверска доверба, почит и толеранција, па преку односот и улогата на религијата во изборните кампањи и политиката, па се до влијанието на религијата во образовниот процес на луѓето и нивното темелно, или површно познавање на сопствената и религијата на различниот од себе.

Структурата која е поставена со овој проект бара негово надградување. Во тој контекст „Religija.mk“, ИПИС – Институтот за политички истражувања – Скопје и нашиот партнер и поддржувач на општествената одговорност за поголемо демократско општество во Северна Македонија, Фондацијата Конрад Аденауер - КАС, во следниот период ќе се фокусираат на два аспекта во овие истражувања. Едниот е компаративна анализа со претходните истражувања, а вториот е социолошкиот пристап и социјалниот елемент на религијата и верските заедници во општествата. Улогата на религијата во современиот свет, нејзиното место во социјалниот елемент на општествата, може ли религијата да се прилагоди на модерното време.

Пред повеќе од 15 години, Поглаварот на сите православни верници, Вселенскиот Патријарх Вартоломеј понуди изненадувачки за многумина став во кој загадувањето и секое друго загрозувачко однесување кон природата го дефинираше како грев. По тој негов потег, од некои го заработи епитетот „Зелен патријарх’. Некои тоа го дефинираат со потсмев, други со оправдување. Но, неговиот однос продолжи со проповедување за грев и осуда за секое загрозување на природата.

Од денешна дистанца, овој став веќе не се гледа како радикален и како спротивен на религијата. Во тој правец на еколошка самосвест се почесто зборува и актуелниот Папа Франциск, но и други поглавари на верските заедници во светот.

Таквиот проеколошки поглед го застапуваат и се повеќе претставници на муслиманите, повикувајќи на зачувување на водата, природните ресурси и биодиверзитетот на земјата.

Глобалното затоплување станува се почесто дел од дискурсот на верските лидери во светот. Екологијата не е непозната за

верските учења. Во Библијата можат да се најдат цитати и мисли кои од денешна перспектива се дефинираат како еколошки во заштитата на околината, но тие сепак имаат второстепено значење кога станува збор за проповедите и учењата на верските заедници.

Институтот за политички истражувања Скопје, (ИПИС), интернет порталот „Религија.мк“, и Фондацијата Конрад Аденауер - КАС, во ова истражување на јавното мислење го актуелизира ова прашање со цел да ја провери перцепцијата на луѓето околу улогата на религијата во заштитата на животната средина.

Спасение на созданието, или спасување на она што Бог го создаде, и како денеска верниците гледаат на тоа е темата на која е посветено ова истражување.

Истражувањето е поставено на три основи дела, кои даваат сеопфатна слика за перцепцијата.

Првиот дел од истражувањето е класичниот базичен во кој се детектира верската определба и припадност на анкетираните и нивната лична перцепција и размислување за екологијата и животната средина, но и за тоа колку тие се запознаени и дали сметаат дека религијата и екологијата имаат допирни точки. Во овој дел од истражувањето се анализира нивната свест за екологијата, како и општата еколошка култура и свест на верниците. Исто така овој дел од истражувањето дава интересни размислувања на верниците во поглед на тоа како се дефинира неодговорниот однос на луѓето кон екологијата и животната средина.

Вториот дел од истражувањето е посветен на оценките на верниците во поглед на тоа дали и колку верските заедници, според нив, работат на екологијата, на грижата за животната средина, дали и колку екологијата и животната средина се присутни во проповедите и ставовите на верските претставници. Кога последен пат слушнале некој од верските претставници да зборува на оваа тема. Дали пристапот на верските заедници кон природните катастрофи е позитивен или негативен?

Третиот дел од истражувањето е посветен на одобрување, или не одобрување на верниците за таков однос на верските лидери кон оваа тема, односно дали сметаат дека треба да бидат проактивни или не на оваа тема. Треба или не треба да зборуваат за ова или не. Потребни се, или не, конкретни дела за тоа.

Ова е прво истражување од ваков тип во Северна Македонија, кое се концентрира на еден помалку присутен сегмент на односот помеѓу религијата и општеството. Резултатите кои произлегоа од ова истражување, будат интересни предизвици за дополнителни специфични анализи кои подлабоко ќе ги истражуваат односите помеѓу верата и заштитата на природната средина, кое е суштината на верското начело *спасение на созданието.*

# Анализа и заклучни согледувања

## Концепт на истражувањето

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Македонија како мултиконфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражувањето

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитаниците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуфан примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1100 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 47% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Истражувањето насловено „**Религијата и заштитата на животната средина** е спроведено во средината на Март 2021. Истражувањето е направено помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Ова истражување имаше за цел да ја детектира перцепцијата помеѓу верниците за нивниот однос кон природата и заштитата на животната средина.

Во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните за религијата и заштитата на човековата околина, односно животната средина. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција на религијата и односот кон животната средина помеѓу македонските граѓани.

Првото и стандардно воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате***, при што 72% се изјасниле како православни и 25% муслимани, додека припадници на други религии или атеисти биле околу 3% од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, секогаш мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.*** На ова прашање високи 53% кажале дека се религиозни и дополнителни 34% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 13% од испитаниците. Кај православните овој процент е 13%, додека кај муслиманите само 5%.

На прашањето ***дали сте заинтересирани за прашања поврзани со заштитата на човековата околина,*** високи 47% изјавиле *да* и дополнителни 27% *донекаде да.* Само 7% одговориле *не* и дополнителни 16% со *донекаде не.* Може да се забележи дека високи 74% од македонските граѓани се заинтересирани или донекаде заинтересирани за еколошките прашања. *Од одговорите на претходните прашања се приметува дека голем дел од граѓаните се религиозни, но и заинтересирани за заштита на животната средина. Оттука, се наметнува хипотезата за поврзаноста помеѓу овие две перцепции, што е валидна претпоставка од која произлегува заклучокот дека постои согласност помеѓу религиозноста и перцепцијата за животната средина*

На прашањето ***дали сметате дека прашањата околу заштита на природата и загадувањето се важни?*** голем дел од испитаниците одговориле потврдно, односно 58% и дополнителни 29% сметаат дека се донекаде важни. Само 3% изјавиле дека овие прашања *не се важни* (и 5% дека *донекаде не се важни).* Во однос на ова прашање постојат одредени разлики во перцепциите на православните христијани од кои 69% изјавиле дека прашањата се важни и дополнителни 25% дека се донекаде важни и кај муслиманите каде овие проценти се 28% и 38% следствено. Од ова може да се заклучи дека *за повеќето испитаници прашањата поврзани со заштита на природата и загадувањето се важни иако овој процент е релативно повисок кај православните во однос на муслиманските верници.*

На прашањето ***каква е еколошката***

***свест во Северна Македонија,*** најголем дел од испитаниците одговориле дека е *многу ниска* 55% и *умерено ниска 28%,* додека за *висока или умерено висока* еколошка свест се определиле вкупно само 12% од граѓаните, без особени разлики во мислењата кај двете најголеми религиозни заедници. Оттука може да се заклучи дека *кај испитаниците од сите религиозни заедници, заедничка е перцепцијата дека еколошката свест на македонските граѓани е на многу ниско или ниско ниво, што е во спротивност со перцепцијата кај претходното прашање каде повеќето сметаат дека заштитата на природата е исклучително важна тема.* Од ова произлегува дека *иако се потенцира важноста на темите околу заштита на природата, сепак перцепцијата на граѓаните за еколошката свест на заедницата е на сериозно ниско ниво.*

Следното прашање се однесуваше на личната еколошка свест кај верниците, имено испитаниците беа запрашани ***доколку вие видите отпад во природа, што би направиле?*** Од неколкуте понудени опции, најголем дел од испитаниците (42% вкупно или 43% од православните и слични 40% од муслиманите) се определиле за опцијата *„ќе го фрлам во најблискиот контејнер (корпа за отпад),“* 13% избрале *„ќе ги информирам надлежните,“* потоа 7% рекле дека *„ќе постираат на социјални мрежи“* и 23% *„нема да направат ништо.“* Од овие одговори без разлика дали навистина сите 42% ќе го земат отпадот и ќе го фрлат во најблискиот контејнер, повторно се потврдува свесноста изразена во претходните прашања. Сепак, иако постои висока свест за потребата од зачувување на природната околина кај испитаниците, перцепцијата за еколошката свест на општеството е ниска, односно се е оставено на личната одговорност на граѓанинот. Затоа во следното прашање се постави евентуалната поддршка за поригорозни казни кои би влијаеле на зголемена еколошка култура во општеството. На прашањето ***Дали би поддржале или сте против поригорозни закони и контроли во однос на загадување на природата и екологијата генерално*** високи 58% одговориле до *да* и дополнителни 25% со *да, донекаде.* Само по околу 6% одговориле со *не* и *донекаде не.* Резултатите се слични кај сите религиозни заедници и од тоа може да се заклучи дека *со оглед на дискрепанцата помеѓу перцепциите за важноста од зачувување на природната средина и ниската еколошка свест во општеството, граѓаните во големо мнозинство се согласуваат на дополнителни законски мерки на принуда со кои ќе се унапреди заштитата на околината и ќе се зголемат еколошките стандарди.*

Во следниот сегмент од анкетата, се направи обид да се доловат перцепциите околу поврзаноста на екологијата и религијата, односно дали тие взаемно се испреплетуваат односно се компатибилни или религијата и екологијата претставуваат одвоени области без многу допирни точки.

На прашањето ***доколку според светите книги Бог е создател на светот и природата, дали тогаш нејзиното загадување е непочитување на Бог и неговото дело,*** високи 64% од граѓаните одговориле потврдно, додека 20% не се согласуваат со ова тврдење. Кај православните 61% се согласуваат и 22% не е согласуваат, додека кај муслиманите 75% се согласуваат и само 10% не се согласуваат со ова тврдење. На следното прашање ***според вас дали загадувањето и неодговорниот однос кон природата е грев?*** Повторно високи 65% одговориле потврдно, а 22% не се согласуваат. На третото прашање од овој сегмент ***дали религијата и екологијата имаат допирни точки или не,*** 50% одговориле потврдно (46% православни и 65% муслимани), додека 32% не се согласуваат (37% православни и 16% муслимани). Од одговорите на претходните три прашања може да се заклучи дека *перцепциите кај мнозинството граѓани се дека религијата и екологијата се компатибилни области, односно дека загадувањето на природата е непочитување на божјото дело, дека неодговорниот однос кон природата претставува грев и дека религијата*

*и екологијата имаат меѓусебни допирни точки.*

На прашањето ***дали сте читале религиска литература*** 20% од испитаниците одговориле со *да, често* и дополнителни 37% со *да, понекогаш.* 39% од испитаниците изјавиле дека не читале или читаат верска литература. Ова прашање беше всушност т.н. *филтер* прашање за следното, во кое беа прашувани само испитаниците кои одговориле дека понекогаш или често читаат верска литература, а следното прашање гласеше ***дали во религиската односно верската литература сте сретнале нешто за екологијата односно заштитата на животната средина?*** На ова прашање потврдно одговориле 58% од испитаниците кои читале или читаат религиска литература, додека со *не* се изјасниле само 16% од нив. Од ова може да се заклучи дека *и во светите книги како и во друга верска литература повеќето испитаници се сретнале со теми кои директно или индиректно асоцираат со заштитата на природата, односно животната средина*. Дополнително, 64% од вкупниот број испитаници одговориле потврдно, а само 18% одговориле со *не,* на прашањето ***дали според вас треба да има верска литература која би била посветена на односот на религијата кон животната средина и природата***

Соодветно на претходните прашања, во следниот дел од анкетата се направи обид да се дознаат перцепциите на испитаниците околу вклучувањето на еколошки теми во обраќањата на свештените лица и дискусиите на овие теми во и од страна на верските заедници. На прашањето ***дали претставниците на верските заедници зборуваат за екологија и еколошка свест*** 38% (еднаков процент и кај христијаните и кај муслиманите) од испитаниците одговориле потврдно, додека 45% одговориле со *не.* На слично прашање, ***дали вие сте имале искуство со некое свештено лице кое говорело на теми поврзани со екологијата*** 34% (31% кај христијаните, 43% кај припадниците на исламската религија) одговориле дека имале, додека 57% дека немале такво искуство. Може да се заклучи дека *иако релативно висок процент од верниците (38%) имаат перцепција дека верските заедници дискутираат на еколошки теми, а релативно висок е процентот и на граѓаните (34%) кои имале лично искуство со свештеник кој говорел на теми поврзани со зачувување на природата и животната средина, сепак инволвираноста сеуште не е на посакуваното ниво, односно не е кај мнозинството од испитаниците, иако перцепцијата кај повеќето граѓаните е дека религијата и еколошките теми се компатибилни едни со други.*

На прашањето ***дали сметате дека верските заедници имаат одговорност за заштита на природата и човековата околина*** 56% (60% кај православните и 48% кај муслиманите) сметаат дека имаат, додека 31% (29% кај православните и 35% кај муслиманите) дека немаат. На следното прашање, ***дали пристапот на верските заедници кон заштитата на природата е позитивен или негативен*** 45% одговориле со *позитивен,* 9% *негативен* и околу 25% сметаат дека односот е *неутрален.* Од одговорите на претходните две прашања може да се заклучи дека *повеќето од испитаниците сметаат дека верските заедници имаат одговорност кон зачувување на природата и дека нивниот пристап кон еколошките теми е релативно позитивен.*

Во последниот дел од анкетата се истражуваа перцепциите околу улогата која треба да ја имаат верските заедници во однос на теми поврзани со екологијата во иднина. На прашањето ***дали верските учења можат да имаат влијание врз верниците за нивниот однос кон животната средина*** 68% од испитаниците се согласуваат додека 17% не се согласуваат. На прашањето ***дали верските заедници треба да бидат проактивни во борбата за животната средина,*** 74% од граѓаните одговориле со *да* и само 13% со *не.* На прашањето ***дали би заминале на еколошка акција доколку вашата верска заедница ве повика на тоа,*** 65% одговориле

потврдно, додека 19% не би заминале на еколошка акција на повик од својата верска заедница. На последното прашање од анкетата, ***дали сметате дека треба или не треба верските заедници да имаат став за закони и одлуки од доменот на животната средина*** повторно релативно високи 54% од испитаниците сметаат дека треба, додека 28% сметаат дека не треба да имаат ставови во контекст н законски решенија од областа на животната средина. Од овој последен сет на прашања мже да се заклучи дека *повеќето граѓани сметаат дека верските заедници треба да имаат проактивна улога во однос на заштитата на животната средина, да се ангажираат повеќе во насока на кревање на еколошката свест и да го употребат своето влијание кај верниците за зголемување на општествениот ангажман во насока на заштита на природата. Впрочем повеќето верници сметаат дека тоа е и компатибилно со самото верско учење и религиската литература, а според нив е потребна и нова верска литература која ќе го потенцира односот на религијата кон природата во согласност со самите свети книги. Самите верски заедници можат и преку повик да ги мобилизираат верниците за еколошки акции во иднина што е позитивно перцепирано кај повеќето испитаници, но и да се вклучат во дебатата за нови законски решенија и нормативи во насока на заштита на природната средина.*

## Заклучок

- Од одговорите на претходните прашања се приметува дека голем дел од граѓаните се религиозни, но и заинтересирани за заштита на животната средина. Оттука, се наметнува хипотезата за поврзаноста помеѓу овие две перцепции, што е валидна претпоставка од која произлегува заклучокот дека постои согласност помеѓу религиозноста и перцепцијата за животната средина.

- За повеќето испитаници прашањата поврзани со заштита на природата и загадувањето се важни иако овој процент е релативно повисок кај православните во однос на муслиманските верници.

- Кај испитаниците од сите религиозни заедници, заедничка е перцепцијата дека еколошката свест на македонските граѓани е на многу ниско или ниско ниво, што е во спротивност со перцепцијата кај претходното прашање каде повеќето сметаат дека заштитата на природата е исклучително важна тема.

- Иако се потенцира важноста на темите околу заштита на природата, сепак перцепцијата на граѓаните за еколошката свест на заедницата е на сериозно ниско ниво.

- Со оглед на дискрепанцата помеѓу перцепциите за важноста од зачувување на природната средина и ниската еколошка свест во општеството, граѓаните во големо мнозинство се согласуваат на дополнителни законски мерки на принуда со кои ќе се унапреди заштитата на околината и ќе се зголемат еколошките стандарди.

- Перцепциите кај мнозинството граѓани се дека религијата и екологијата се компатибилни области, односно дека загадувањето на природата е непочитување на божјото дело, дека неодговорниот однос кон природата претставува грев и дека религијата и екологијата имаат меѓусебни допирни точки.

- И во светите книги како и во друга верска литература повеќето испитаници се сретнале со теми кои директно или индиректно асоцираат кон заштита на природата, односно животната средина.

- Иако релативно висок процент од верниците (38%) имаат перцепција дека верските заедници дискутираат на еколошки теми, а релативно висок е процентот и на граѓаните (34%) кои имале лично искуство со свештеник кој говорел на теми поврзани со зачувување на природата и животната средина, сепак инволвираноста сеуште не е на посакуваното ниво, односно не е кај мнозинството од испитаниците, иако перцепцијата кај повеќето граѓаните е дека религијата и еколошките теми се компатибилни едни со други.

- Повеќето од испитаниците сметаат дека верските заедници имаат одговорност кон зачуву-

**вање на природата и дека нивниот пристап кон еколошките теми е релативно позитивен.**

- **Повеќето граѓани сметаат дека верските заедници треба да имаат проактивна улога во однос на заштитата на животната средина, да се ангажираат повеќе во насока на кревање на еколошката свест и да го употребат своето влијание кај верниците за зголемување на општествениот ангажман во насока на заштита на природата.**

- **Повеќето верници сметаат дека екологијата е компатибилна со самото верско учење и религиската литература, а според нив е потребна и нова верска литература која ќе го потенцира односот на религијата кон природата во согласност со самите свети книги.**

- **Самите верски заедници можат и преку повик да ги мобилизираат верниците за еколошки акции во иднина што е позитивно перципирано кај повеќето испитаници, но и да се вклучат во дебатата за нови законски решенија и нормативи во насока на заштита на природната средина.**

# Демографски карактеристики

1.1 Табела

| Пол | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Машки | 565 | 50.9 |
| Женски | 545 | 49.1 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.1 Графикон



1.2 Табела

| Возраст | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до 29 години | 212 | 19.1 |
| од 30 до 39 години | 230 | 20.7 |
| од 40 до 49 години | 254 | 22.9 |
| од 50 до 59 години | 224 | 20.2 |
| над 60 години | 190 | 17.1 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.2 Графикон



1.3 Табела

| Образование | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до основно | 55 | 5.0 |
| основно | 125 | 11.3 |
| средно | 685 | 61.7 |
| вишо и високо | 245 | 22.1 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.3 Графикон



1.4 Табела

| Професија | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Студент | 72 | 6.5 |
| Вработен во приватен сектор | 437 | 39.4 |
| Вработен државен сектор | 182 | 16.4 |
| Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 9 | .8 |
| Земјоделец | 11 | 1.0 |
| Пензионер | 172 | 15.5 |
| Невработен | 216 | 19.5 |
| Друго | 11 | 1.0 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.4 Графикон



1.5 Табела

| Етникум | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Македонец | 819 | 73.8 |
| Албанец | 253 | 22.8 |
| Друго | 38 | 3.4 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.5 Графикон



1.6 Табела

| Место | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Село | 260 | 23.4 |
| Помал град | 250 | 22.5 |
| Поголем град | 340 | 30.6 |
| Скопје | 260 | 23.4 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.6 Графикон



1.7 Табела

| Регион | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Вардарски регион | 80 | 7.2 |
| Источен регион | 110 | 9.9 |
| Југозападен регион | 120 | 10.8 |
| Југоисточен регион | 100 | 9.0 |
| Пелагониски регион | 140 | 12.6 |
| Полошки регион | 160 | 14.4 |
| Североисточен регион | 70 | 6.3 |
| Скопски регион | 330 | 29.7 |
| Вкупно | 1110 | 100.0 |

1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

П.1 На која религија и припаѓате?




| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | **Март 2021** |
|---|---|---|---|---|
| На која религија и припаѓате? | Православна | 73.5% | 70.7% | **72.3%** |
| | Исламска | 24.6% | 25.6% | **25.0%** |
| | Друго | .1% | 1.1% | **.2%** |
| | Атеист | 1.5% | 2.6% | **1.4%** |
| | Не знам / Нема одговор | .3% | .1% | **1.2%** |

| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1110** | **100%** | 565 | 545 | 212 | 230 | 254 | 224 | 190 | 55 | 125 | 685 | 245 | 72 | 437 | 182 | 9 | 11 | 172 | 216 | 11 |
| На која религија и припаѓате? | Православна | **803** | **72.3%** | 71.5% | 73.2% | 67.9% | 60.9% | 72.0% | 79.5% | 83.2% | 72.7% | 48.0% | 72.8% | 83.3% | 68.1% | 70.7% | 76.9% | 88.9% | 81.8% | 82.6% | 65.7% | 36.4% |
| | Исламска | **277** | **25.0%** | 25.1% | 24.8% | 29.2% | 35.7% | 25.6% | 17.9% | 14.7% | 23.6% | 51.2% | 23.8% | 15.1% | 29.2% | 26.1% | 19.8% | 11.1% | 9.1% | 15.7% | 32.4% | 63.6% |
| | Друго | **2** | **.2%** | .2% | .2% | | | .4% | .4% | | | | .1% | .4% | | .2% | .5% | | | | | |
| | Атеист | **15** | **1.4%** | 1.8% | .9% | 1.4% | 1.7% | 1.2% | 1.3% | 1.1% | 1.8% | | 1.8% | .8% | 1.4% | 1.6% | 1.6% | | 9.1% | .6% | .9% | |
| | НЗ/НО | **13** | **1.2%** | 1.4% | .9% | 1.4% | 1.7% | .8% | .9% | 1.1% | 1.8% | .8% | 1.5% | .4% | 1.4% | 1.4% | 1.1% | | | 1.2% | .9% | |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | 819 | 253 | 38 | 260 | 250 | 340 | 260 | 80 | 110 | 120 | 100 | 140 | 160 | 70 | 330 |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 98.0% | | | 43.5% | 86.4% | 74.7% | 84.6% | 95.0% | 98.2% | 48.3% | 95.0% | 95.7% | 26.3% | 60.0% | 75.2% |
| | Исламска | .1% | 100.0% | 60.5% | 55.8% | 9.6% | 22.9% | 11.5% | | | 51.7% | 1.0% | 1.4% | 72.5% | 37.1% | 21.2% |
| | Друго | | | 5.3% | | .4% | .3% | | | | | 1.0% | .7% | | | |
| | Атеист | 1.8% | | | .4% | 2.0% | 1.2% | 1.9% | 2.5% | .9% | | 2.0% | 1.4% | .6% | 1.4% | 1.8% |
| | НЗ/НО | | | 34.2% | .4% | 1.6% | .9% | 1.9% | 2.5% | .9% | | 1.0% | .7% | .6% | 1.4% | 1.8% |

## П.2 Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?




| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | **Март 2021** |
|---|---|---|---|---|
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на? | Да | 50.9% | 51.1% | **52.8%** |
| | Донекаде да | 33.4% | 32.7% | **33.7%** |
| | Донекаде не | 6.0% | 7.3% | **7.7%** |
| | Не | 5.3% | 6.1% | **5.1%** |
| | НЗ/НО | 4.5% | 2.8% | **.6%** |

| | | **ВКУПНО** | | **Пол** | | **Возраст** | | | | | **Образование** | | | | **Професија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1110** | **100%** | 565 | 545 | 212 | 230 | 254 | 224 | 190 | 55 | 125 | 685 | 245 | 72 | 437 | 182 | 9 | 11 | 172 | 216 | 11 |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на | Да | **586** | **52.8%** | 47.4% | 58.3% | 50.0% | 50.0% | 49.2% | 55.4% | 61.1% | 54.5% | 61.6% | 51.8% | 50.6% | 48.6% | 47.4% | 47.8% | 66.7% | 54.5% | 61.6% | 63.0% | 27.3% |
| | Донекаде да | **374** | **33.7%** | 35.2% | 32.1% | 34.9% | 39.6% | 31.5% | 32.6% | 29.5% | 34.5% | 24.8% | 35.0% | 34.3% | 45.8% | 38.2% | 35.2% | 11.1% | 27.3% | 30.2% | 23.6% | 27.3% |
| | Донекаде не | **86** | **7.7%** | 10.6% | 4.8% | 9.4% | 7.0% | 9.8% | 6.7% | 5.3% | 5.5% | 5.6% | 7.0% | 11.4% | | 8.5% | 10.4% | 22.2% | 9.1% | 4.7% | 8.8% | |
| | Не | **57** | **5.1%** | 6.2% | 4.0% | 4.7% | 2.6% | 8.3% | 5.4% | 4.2% | 5.5% | 4.8% | 6.0% | 2.9% | 5.6% | 5.7% | 6.6% | | 9.1% | 3.5% | 3.7% | 9.1% |
| | НЗ/НО | **7** | **.6%** | .5% | .7% | .9% | .9% | 1.2% | | | | 3.2% | .1% | .8% | | .2% | | | | | .9% | 36.4% |

| | | **Етникум** | | | **Место** | | | | **Регион** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | 819 | 253 | 38 | 260 | 250 | 340 | 260 | 80 | 110 | 120 | 100 | 140 | 160 | 70 | 330 |
| Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на | Да | 48.0% | 68.4% | 52.6% | 59.6% | 45.6% | 56.2% | 48.5% | 42.5% | 45.5% | 64.2% | 44.0% | 56.4% | 61.9% | 52.9% | 50.3% |
| | Донекаде да | 37.4% | 24.5% | 15.8% | 29.6% | 37.6% | 29.4% | 39.6% | 40.0% | 35.5% | 25.8% | 42.0% | 32.9% | 26.9% | 25.7% | 37.3% |
| | Донекаде не | 9.0% | 4.0% | 5.3% | 4.6% | 9.6% | 9.1% | 7.3% | 5.0% | 10.0% | 8.3% | 10.0% | 7.9% | 5.0% | 12.9% | 7.0% |
| | Не | 5.3% | 1.6% | 26.3% | 4.6% | 6.0% | 5.3% | 4.6% | 11.3% | 7.3% | .8% | 4.0% | 2.9% | 5.0% | 8.6% | 5.2% |
| | НЗ/НО | .4% | 1.6% | | 1.5% | 1.2% | | | 1.3% | 1.8% | .8% | | | 1.3% | | .3% |

П.3 Дали сте заинтересирани или не сте, за прашањата поврзани со заштитата на човековата околина, односно екологијата?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1110** | **100%** | 565 | 545 | 212 | 230 | 254 | 224 | 190 | 55 | 125 | 685 | 245 | 72 | 437 | 182 | 9 | 11 | 172 | 216 | 11 |
| Дали сте заинтересирани или не сте, за прашањата поврзани со заштитата на човековата околина, односно екологијата? | Да | **516** | **46.5%** | 40.5% | 52.7% | 37.3% | 43.9% | 43.3% | 46.0% | 64.7% | 54.5% | 49.6% | 41.5% | 57.1% | 38.9% | 40.5% | 50.5% | 44.4% | 63.6% | 62.8% | 44.4% | 36.4% |
| | Донекаде да | **296** | **26.7%** | 28.0% | 25.3% | 23.1% | 28.3% | 27.6% | 30.4% | 23.2% | 25.5% | 22.4% | 27.4% | 26.9% | 27.8% | 28.8% | 29.1% | 33.3% | 18.2% | 25.0% | 21.3% | 27.3% |
| | Донекаде не | **180** | **16.2%** | 18.6% | 13.8% | 24.1% | 16.1% | 18.9% | 14.3% | 6.3% | 9.1% | 24.8% | 17.2% | 10.6% | 20.8% | 18.8% | 11.5% | 11.1% | 9.1% | 6.4% | 21.3% | 27.3% |
| | Не | **80** | **7.2%** | 8.8% | 5.5% | 11.8% | 7.4% | 7.9% | 5.8% | 2.6% | 5.5% | 1.6% | 9.6% | 3.7% | 12.5% | 8.0% | 4.9% | 11.1% | 9.1% | 2.3% | 9.7% | |
| | НЗ/НО | **38** | **3.4%** | 4.1% | 2.8% | 3.8% | 4.3% | 2.4% | 3.6% | 3.2% | 5.5% | 1.6% | 4.2% | 1.6% | | 3.9% | 3.8% | | | 3.5% | 3.2% | 9.1% |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | 819 | 253 | 38 | 260 | 250 | 340 | 260 | 80 | 110 | 120 | 100 | 140 | 160 | 70 | 330 |
| Дали сте заинтересирани или не сте, за прашањата поврзани со заштитата на човековата околина, односно екологијата? | Да | 51.8% | 28.9% | 50.0% | 36.2% | 42.4% | 55.6% | 48.8% | 58.8% | 42.7% | 40.0% | 55.0% | 60.0% | 31.3% | 58.6% | 43.6% |
| | Донекаде да | 28.4% | 24.1% | 5.3% | 26.9% | 35.2% | 20.3% | 26.5% | 23.8% | 35.5% | 28.3% | 25.0% | 28.6% | 26.3% | 18.6% | 25.5% |
| | Донекаде не | 10.6% | 32.4% | 28.9% | 24.2% | 12.4% | 15.9% | 12.3% | 7.5% | 11.8% | 20.0% | 12.0% | 8.6% | 29.4% | 15.7% | 16.7% |
| | Не | 7.2% | 7.5% | 5.3% | 10.4% | 6.8% | 5.9% | 6.2% | 5.0% | 6.4% | 10.0% | 8.0% | 2.9% | 8.1% | 7.1% | 8.2% |
| | НЗ/НО | 2.0% | 7.1% | 10.5% | 2.3% | 3.2% | 2.4% | 6.2% | 5.0% | 3.6% | 1.7% | | | 5.0% | | 6.1% |

## П.4 Дали сметате дека прашањата околу заштита на природата и загадувањето се:




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1110** | **100%** | 565 | 545 | 212 | 230 | 254 | 224 | 190 | 55 | 125 | 685 | 245 | 72 | 437 | 182 | 9 | 11 | 172 | 216 | 11 |
| Дали сметате дека прашањата околу заштита на природата и загадувањето се: | Важни | **646** | **58.2%** | 52.7% | 63.9% | 59.0% | 49.1% | 50.4% | 65.2% | 70.5% | 61.8% | 58.4% | 52.7% | 72.7% | 62.5% | 49.7% | 64.3% | 44.4% | 54.5% | 70.3% | 61.6% | 27.3% |
| | Донекаде важни | **316** | **28.5%** | 31.9% | 25.0% | 22.2% | 32.6% | 36.2% | 26.3% | 22.6% | 29.1% | 24.8% | 32.4% | 19.2% | 26.4% | 37.5% | 24.2% | 44.4% | 36.4% | 22.7% | 16.2% | 63.6% |
| | Донекаде не се важни | **60** | **5.4%** | 5.7% | 5.1% | 6.6% | 7.8% | 6.3% | 3.1% | 2.6% | 3.6% | 8.0% | 5.7% | 3.7% | 6.9% | 5.7% | 6.0% | | | 2.3% | 6.9% | |
| | Не се важни | **28** | **2.5%** | 3.5% | 1.5% | 2.8% | 3.5% | 3.9% | 1.8% | | | 1.6% | 3.2% | 1.6% | 4.2% | 2.5% | 2.7% | | | | 4.2% | |
| | НЗ/НО | **60** | **5.4%** | 6.2% | 4.6% | 9.4% | 7.0% | 3.1% | 3.6% | 4.2% | 5.5% | 7.2% | 6.0% | 2.9% | | 4.6% | 2.7% | 11.1% | 9.1% | 4.7% | 11.1% | 9.1% |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | 819 | 253 | 38 | 260 | 250 | 340 | 260 | 80 | 110 | 120 | 100 | 140 | 160 | 70 | 330 |
| Дали сметате дека прашањата околу заштита на природата и загадувањето се: | Важни | 68.4% | 27.3% | 44.7% | 41.5% | 62.4% | 59.7% | 68.8% | 73.8% | 66.4% | 53.3% | 59.0% | 62.9% | 35.0% | 64.3% | 61.2% |
| | Донекаде важни | 25.4% | 39.1% | 23.7% | 35.4% | 26.4% | 27.9% | 24.2% | 18.8% | 26.4% | 26.7% | 33.0% | 34.3% | 35.0% | 18.6% | 27.3% |
| | Донекаде не се важни | 2.0% | 15.8% | 10.5% | 10.4% | 4.0% | 5.0% | 2.3% | 2.5% | .9% | 5.8% | 3.0% | 1.4% | 13.1% | 11.4% | 4.8% |
| | Не се важни | 2.1% | 3.6% | 5.3% | 3.5% | 3.2% | 2.6% | .8% | 2.5% | .9% | 4.2% | 3.0% | 1.4% | 3.1% | 5.7% | 1.8% |
| | НЗ/НО | 2.2% | 14.2% | 15.8% | 9.2% | 4.0% | 4.7% | 3.8% | 2.5% | 5.5% | 10.0% | 2.0% | | 13.8% | | 4.8% |

## П.5 Според вас, каква е еколошката свест во Северна Македонија?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Јавен сектор | Самовработен/ сопственик на приватен | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1110** | **100%** | 565 | 545 | 212 | 230 | 254 | 224 | 190 | 55 | 125 | 685 | 245 | 72 | 437 | 182 | 9 | 11 | 172 | 216 | 11 |
| **Според вас, каква е еколошката свест во Северна Македонија?** | Висока | **23** | **2.1%** | 2.1% | 2.0% | .9% | | .8% | 4.9% | 4.2% | 3.6% | 4.8% | 1.6% | 1.6% | 1.4% | 2.1% | .5% | | | 4.1% | 2.3% | |
| | Умерено висока | **109** | **9.8%** | 11.3% | 8.3% | 6.6% | 10.4% | 5.5% | 16.1% | 11.1% | 16.4% | 11.2% | 9.1% | 9.8% | 5.6% | 11.2% | 3.8% | 11.1% | 18.2% | 11.6% | 12.0% | |
| | Умерено ниска | **306** | **27.6%** | 26.0% | 29.2% | 32.1% | 25.2% | 29.9% | 23.2% | 27.4% | 20.0% | 24.8% | 28.6% | 27.8% | 40.3% | 28.4% | 26.9% | 11.1% | 9.1% | 26.2% | 24.1% | 45.5% |
| | Многу ниска | **606** | **54.6%** | 55.0% | 54.1% | 52.8% | 55.7% | 59.1% | 50.4% | 54.2% | 54.5% | 51.2% | 55.3% | 54.3% | 48.6% | 51.5% | 61.5% | 77.8% | 72.7% | 54.7% | 55.6% | 45.5% |
| | НЗ/НО | **66** | **5.9%** | 5.5% | 6.4% | 7.5% | 8.7% | 4.7% | 5.4% | 3.2% | 5.5% | 8.0% | 5.4% | 6.5% | 4.2% | 6.9% | 7.1% | | | 3.5% | 6.0% | 9.1% |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | 819 | 253 | 38 | 260 | 250 | 340 | 260 | 80 | 110 | 120 | 100 | 140 | 160 | 70 | 330 |
| **Според вас, каква е еколошката свест во Северна Македонија?** | Висока | 1.8% | 3.2% | | 2.7% | 2.0% | 2.9% | .4% | 2.5% | .9% | 8.3% | | .7% | 3.1% | 2.9% | .6% |
| | Умерено висока | 10.9% | 7.5% | 2.6% | 9.6% | 12.4% | 11.8% | 5.0% | 2.5% | 13.6% | 8.3% | 12.0% | 15.0% | 16.9% | 11.4% | 4.2% |
| | Умерено ниска | 25.9% | 34.4% | 18.4% | 32.3% | 25.6% | 27.1% | 25.4% | 22.5% | 27.3% | 28.3% | 34.0% | 24.3% | 28.8% | 25.7% | 27.9% |
| | Многу ниска | 57.1% | 43.5% | 73.7% | 48.5% | 53.6% | 55.3% | 60.8% | 65.0% | 54.5% | 48.3% | 52.0% | 58.6% | 42.5% | 57.1% | 58.8% |
| | НЗ/НО | 4.3% | 11.5% | 5.3% | 6.9% | 6.4% | 2.9% | 8.5% | 7.5% | 3.6% | 6.7% | 2.0% | 1.4% | 8.8% | 2.9% | 8.5% |

## П.6 Доколку видите отпад во природа што би направиле?




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години |
